Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11, во врска со член 41 став 11 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5671/5 од 19.11.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 18-та седница одржана на 19.11.2014 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Член 1

Со овој Правилник се уредува формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура коешто радиодифузерите се должни да го достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата).

Член 2

Радиодифузерите не смеат да спроведат промена на сопственичката структура без претходно да ја известат Агенцијата и пред истата да да биде одобрена од Агенцијата.

Член 3

Радиодифузерите се должни известувањето за планираната промена на сопственичката структура да го достават до Агенцијата на посебен образец, којшто е во прилог на овој Правилник (Образец ПСС/1 – прилог бр.1).

Образецот од став 1 од овој член ги содржи следниве податоци:

1. Целосен назив на радиодифузерот
2. Единствен матичен број на субјектот/радиодифузерот
3. Даночен број на радиодифузерот
4. Седиште на радиодифузерот
5. Податоци за тековната сопственичка структура на радиодифузерот:
    - 5.1. Име и презиме, ЕМБГ, адреса и учество во основната главнина на радиодифузерот (доколку основачи се физички лица), односно
    - 5.2. Полн назив, ЕМБС, седиште и учество во основната главнина на радиодифузерот (доколку основачи се правни лица) и податоци за основачите на правните лица кои се основачи на радиодифузерот (име и презиме, ЕМБГ, адреса и учество во основната главнина на правното лице).
6. Податоци за планираната промена на сопственичка структура на радиодифузерот
    - 6.1. Податоци за физичките и/или правните лица кои истапуваат од сопственичката структура на радиодифузерот (име и презиме/полн назив,

ЕМБГ/ЕМБС, адреса/седиште и учество во основната главнина на радиодифузерот

6.2. Податоци за физичките и/или правните лица кои пристапуваат во сопственичката структура на радиодифузерот:

6.2.1. Име и презиме, ЕМБГ, адреса и планирано учество во основната главнина на радиодифузерот (ако пристапува физичко лице), односно

6.2.2. Полн назив, ЕМБС, седиште и учество во основната главнина на радиодифузерот (ако пристапува правно лице), како и податоци за основачите на правното лице (име и презиме, ЕМБГ, адреса и учество во основната главнина на правното лице).

7. Податоци за сопственичка структура на радиодифузерот којашто ќе произлезе од планираната промена:

7.1. Име и презиме, ЕМБГ, адреса и учество во основната главнина на радиодифузерот (доколку основачи се физички лица), односно

7.2. Полн назив, ЕМБС, седиште и учество во основната главнина на радиодифузерот (доколку основачи се правни лица) и податоци за основачите на правните лица кои е основач на радиодифузерот (име и презиме, ЕМБГ, адреса и учество во основната главнина на правното лице).

Член 4

Кон известувањето радиодифузерите се должни да достават:

1. Нотарски заверена изјава од физичкото или правното лице кое пристапува како сопственик (изјава даваат управителот/директорот и основачот/ите на правното лице) дека со пристапувањето не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (прилог бр.2 и прилог бр.3);
2. Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со планираната промена на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (прилог бр.4);
3. Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на Република Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето);
4. Тековна состојба за правното лице кое пристапува и документ за регистрирана дејност (образец ДРД) издадени од Централниот регистар на Република Македонија (не постари од 15 дена од денот на издавањето);
5. Доколку во сопственичката структура на радиодифузерот пристапува странско правно лице, радиодифузерот е должен да достави документ за регистрација на ова правно лице во соодветниот регистар на земјата во која е регистрирано, од кој може да се добијат сознанија за основачот/ите и управителот (не постар од 15 дена од денот на издавањето, во оригинал и преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач, а преводот да биде заверен кај нотар);
6. Важечко полономошно ако барањето се поднесува преку полномошник.

Член 5

Радиодифузерите се должни по писмено барање на Агенцијата да доставаат и други документи и податоци кои се од значење за одлучувањето по поднесеното известување за промена на сопственичката структура.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“, бр.53/08 и 41/13).

Бр.01-5739/1
19.11.2014 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Прилог бр.1

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги — Образец ПСС/1

Бр.________________

________________ година

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА**

од ____________________________________________
(целосен назив на радиодифузерот)

ЕМБС______________________ даночен број________________

____________________________________________
(адреса и седиште)

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРОТ:**

Име и презиме/назив______________________________
ЕМБГ/ЕМБС______________________________
адреса/седиште______________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

(доколку има повеќе сопственици)

Име и презиме/назив______________________________
ЕМБГ/ЕМБС______________________________
адреса/седиште______________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

Име и презиме/назив______________________________
ЕМБГ/ЕМБС______________________________
адреса/седиште______________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

**ПЛАНИРАНА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА:**

**Истапува:**
Име и презиме/назив______________________________
ЕМБГ/ЕМБС______________________________

адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

**Пристапува:**
Име и презиме/назив__________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС__________________________________________________
адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

**СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗЕ ОД БАРАНАТА ПРОМЕНА:**

Име и презиме/назив__________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС__________________________________________________
адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

(доколку има повеќе сопственици)

Име и презиме/назив__________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС__________________________________________________
адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

Име и презиме/назив__________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС__________________________________________________
адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВАЧОТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ШТО ПРИСТАПУВА:

Име и презиме/назив__________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС__________________________________________________
адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

Име и презиме/назив__________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС__________________________________________________
адреса/седиште________________________________________________
учество во основната главнина ________________ден. односно ________%

Скопје, ____________________

Прилози (6):

1. Нотарски заверена изјава од физичкото или правното лице кое пристапува како сопственик (изјава даваат управителот/директорот и основачот/ите на правното лице) дека со пристапувањето не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (прилог бр.2 и прилог бр.3);

2. Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со планираната промена на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (прилог бр.4);
3. Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на Република Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето);
4. Тековна состојба за правното лице кое пристапува и документ за регистрирана дејност (образец ДРД) издадени од Централниот регистар на Република Македонија (не постари од 15 дена од денот на издавањето);
5. Доколку во сопственичката структура на радиодифузерот пристапува странско правно лице, радиодифузерот е должен да достави документ за регистрација на ова правно лице во соодветниот регистар на земјата во која е регистрирано, од кој може да се добијат сознанија за основачот/ите и управителот (не постар од 15 дена од денот на издавањето, во оригинал и преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач, а преводот да биде заверен кај нотар).
6. Важечко полономошно ако известувањето се поднесува преку полномошник;

м.п.

_______________________

Управител,

Прилог бр.2

# И З Ј А В А

Јас (име и презиме) со адреса на живеење на (адреса на живеење) и ЕМБГ (ембг), под полна морална, кривична и материјална одговорност изјавувам дека не постојат пречки во смисла на одредбите од Глава IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги" од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) за да се стекнам со учество во сопственоста на (полн назив на радиодифузерот).

Место

Датум

Изјавил

(име и презиме)

______________________

(своерачен потпис)

Прилог бр.3

(за основачот на правното лице)

# И З Ј А В А

Јас (име и презиме) со адреса на живеење на (адреса на живеење) и ЕМБГ (ембг), во својство на сопственик на (полн назив на правното лице) под полна морална, кривична и материјална одговорност изјавувам дека не постојат пречки во смисла на одредбите од Глава IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“ од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) за (полн назив на правното лице) да се стекне со удел во сопственоста на (полн назив на радиодифузерот).

Место

Датум

Изјавил

(име и презиме)

______________________

(своерачен потпис)

(за управителот на правното лице)

# ИЗЈАВА

Јас (име и презиме) со адреса на живеење на (адреса на живеење) и ЕМБГ (ембг), во својство на управител на (полн назив на правното лице) под полна морална, кривична и материјална одговорност изјавувам дека не постојат пречки во смисла на одредбите од Глава IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги" од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) за (полн назив на правното лице) да се стекне со удел во сопственоста на (полн назив на радиодифузерот).

Место

Датум

Изјавил

(име и презиме)

____________________

(своерачен потпис)

Прилог бр.4

# ИЗЈАВА

Јас (име и презиме) со адреса на живеење на (адреса на живеење) и ЕМБГ (ембг), во својство на управител на (полн назив на радиодифузерот) под полна морална, кривична и материјална одговорност изјавувам дека со пристапувањето на (име и презиме/полн назив) во сопственичката структура на (полн назив на радиодифузерот) не се прекршуваат одредбите од Глава IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги" од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Место

Датум

Изјавил

(име и презиме)

______________________

(своерачен потпис)